Врз основа на член 8 став (1) точка 1) од Законот за ревизија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 154/15 и 192/15), Советот за унапредување и надзор на ревизијата Република Македонија на седницата одржана на 07.12.2015 година донесе:

**ГОДИШНА ПРОГРАМА**
**за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија за 2016 година**

I. Годишната програма за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија за 2016 година (во понатамошниот текст: Советот), се изработува врз основа на надлежностите на Советот утврдени во Законот за ревизија.

II. Годишната програма за работа на Советот за 2016 година содржи стратешки активности, оперативни активности кои произлегуваат од законските обврски и оперативни активности на Советот поврзани со работата на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (во понатамошниот текст: Институтот), групирани на следниот начин:

**А) Стратешки активности на Советот:**

1. Изработка на стратешки план за развој на Советот 2017 - 2019;

   рок: четврт квартал

2. Активно следење на примената на одредбите од Законот за ревизија и прописите донесени врз основа на него;

   рок: континуирано

3. Соработка со домашните регулаторни органи, тела и институции преку размена на податоци информации и искуства, заради унапредување на ревизорската професија во Република Македонија;

   рок: континуирано

4. Зајакнување на веќе воспоставената соработка со странските регулаторни органи, тела и институции од областа на ревизијата и воспоставување соработка со органи од други земји преку потпишување на меморандуми за соработка, размена на искуства и организација на средби со нивни претставници;

рок: континуирано

5. Зачленување во меѓународни организации на регулаторни органи, тела и институции од областа на ревизијата;

рок: континуирано

6. Активно учество во програмите EU REPARIS на Светска Банка, Twining Light, Twining и Taiex на Европската Комисија и изработка и реализација на стратешки програми и проекти за регулаторен развој на Советот, обука и стручно усовршување на вработените во Советот со иницијативи за обезбедување на техничка помош заради јакнење на капацитетите на Советот;

рок: континуирано

7. Анализа на европските искуства, заради воведување насоки за минимална ревизорска документација во Република Македонија, согласно со Меѓународните стандарди за ревизија преку активна соработка со регулаторните органи, тела и институции од областа на ревизијата од другите земји;

рок: прв квартал

8. Развој и воведување на интерни процедури за анализа на извештаите од извршените контроли на квалитет на ревизорските услуги, заради следење на годишната и тригодишната програма за контрола на квалитет на ревизорските услуги;

рок: континуирано

9. Следење на примената на Кодексот на професионалната етика за членовите на Институтот и Меѓународните стандарди за ревизија.

рок: континуирано

10. Следење на примената на општите акти на Институтот и давање предлози за изменување и дополнување на истите;

рок: континуирано

11. Анализа на квартални извештаи за извршените контроли на квалитет од Институтот и евентуално донесување на соодветни заклучоци;

рок: континуирано

12. Анализа и изготвување на полугодишни извештаи за новините во ревизорските стандарди, европските директиви и праксата во регулаторните тела во други земји;

рок: континуирано

13. Организирање на стручни семинари и тркалезни маси, заради сеопфатно унапредување на ревизорската професија во Република Македонија;

рок: континуирано

14. Други активности.

**Б) Оперативни активности на Советот кои произлегуваат од законските обврски:**

1. Изготвување и донесување на Годишен извештај за работа на Советот за 2015 година;

   рок: прв квартал

2. Изготвување и донесување на годишна сметка на Советот за 2015 година;

   рок: прв квартал

3. Изготвување на Правилник за класификација на информациите во Советот;

   рок: прв квартал

4. Изготвување на Правилник за стручно усовршување на вработените во Советот;

   рок: прв квартал

5. Изготвување на Процедури за примање на доверливи податоци од Институтот;

   рок: прв квартал

6. Следење на постапката за стекнување на звањето ревизор која ја спроведува Институтот;

   рок: континуирано

7. Следење на постапката што ја спроведува Институтот за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство;

   рок: континуирано

8. Спроведување на постапка по барања на лицата кои ги исполнуваат условите од Законот за ревизија и издавање на лиценца за овластен ревизор;

рок: континуирано

9. Следење на спроведување на Програмата за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори, во согласност со најновите достигнувања во професијата, дефинирана од страна на Институтот;

рок: континуирано

10. Издавање на лиценца за работа за вршење на работи на ревизија на друштва за ревизија и на овластен ревизор – трговец поединец;

рок: континуирано

11. Следење на спроведувањето на годишната програма за контрола на квалитет на ревизорските услуги на Институтот;

рок: континуирано

12. Иницирање на постапки по извештаите за контрола на квалитет од Институтот на правните лица кои вршат работи на ревизијата;

рок: континуирано

13. Изрекување на мерки врз основа на мерките изречени од Институтот поради повреда на законската и професионална регулатива;

рок: континуирано

14. Вршење надзор над спроведувањето на контрола на квалитет на овластените ревизори, друштва за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци од страна на Институтот;

рок: континуирано

15. Проверка на извештаите за транспарентност согласно Законот за ревизија;

рок: втор квартал

16. Давање насоки на Институтот за прашања за кои е надлежен согласно Законот;

рок: континуирано

17. Работни посети на друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци во соработка со Институтот, заради согледување на моменталните состојби во ревизорската професија;

рок: континуирано

18. Изготвување на годишна програма за работа на Советот за 2017 година;

рок: четврт квартал

19. Изготвување на финансиски план на Советот за 2017 година;

рок: четврт квартал

20. Формирање на експертски работни групи, заради иницирање на измени и дополнувања на Законот за ревизија до Министерството за финансии на Република Македонија, како и за изработка на подзаконски акти заради сеопфатно регулирање на ревизорската професија во Република Македонија;

рок: континуирано

21. Други активности.

**В) Оперативни активности на Советот поврзани со работата на Институтот:**

1. Разгледување и давање согласност на програмата за работа на Институтот за 2016 година;

рок: прв квартал

2. Разгледување на годишниот извештај за работа на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија за 2015 година и давање на согласност;

рок: втор квартал

3. Разгледување и давање согласност на програмата на Институтот за полагање на испит за стекнување на звањето ревизор;

рок: втор квартал

4. Разгледување и давање согласност на тригодишната и годишна програма за контрола над членовите на Институтот;

рок: трет квартал

5. Разгледување и давање согласност на годишниот извештај на Институтот за наодите од извршените контроли за 2015 година;

   рок: трет квартал

6. Активно учество на членовите на Советот во комисиите при Институтот;

   рок: континуирано

7. Интензивирање на соработката со одделни комисии при Институтот;

   рок: континуирано

8. Учество на членовите на Советот на континуираните професионални усовршувања организирани од Институтот;

   рок: континуирано

9. Разгледување и давање согласност на Програмата на Институтот за обука на овластени ревизори кои спроведуваат контрола;

   рок: четврт квартал

10. Други активности.

III. Годишната програма за работа на Советот влегува во сила со денот на нејзино донесување, а ќе се применува по добивање на согласност од Владата на Република Македонија.

| | |
|---|---|
| Број 02-08/1<br>05. 01 2016 година<br>Скопје | Претседател на Советот,<br>Соња Ѓелова - Стојанова |